Архивски знак:
Рок на чување: год.
25-05-2016 20 година
Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.УП.001.03-ОБ.05.03

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15,192/15 и 27/16), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинската управа донесува

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-001840/16-0027 од 04.05.2016 година, изготвен по спроведена постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас број 10/2016 за доделување на договор за јавна набавка на „ Набавка на опрема за специјални намени (заштитни елеци, панцири и футроли за пиштоли) ", како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

За дел 1, 2 и 3 - Трговско друштво на големо и мало МИКЕИ-ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт-импорт Скопје

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки Директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе Одлука за јавна набавка број 05-001840/16-0002 од 05.02.2016 година за набавка на „ Набавка на опрема за специјални намени (заштитни елеци, панцири и футроли за пиштоли) ".

Потребните средства во вкупен износ до 612.703,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се планирани со Буџетот на Царинска управа на Р.Македонија за 2016 година, раздел 09003 – Царинска управа, сметка 637, програма 20, ставка 423.
Набавката се спроведе со постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, без користење на електронски средства преку ЕСЈН и со спроведена електронска аукција за Дел 1 , а поднесување на конечна цена за Дел 2 и 3. преку ЕСЈН како последна фаза од постапката, согласно член 100, член 121 и член 125-а од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка 05-001840/16-0027 од 04.05.2016 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере понудувачот Трговско друштво на големо и мало МИКЕИ-ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДОО експорт-импорт Скопје со доставена понуда број 05-001840/16-0022 од 15.04.2016 година.

Изборот е извршен врз основа на евалуирање на 5 (пет) прифатливи понуди.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот и особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 207, член 214 и член 216 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор,
Наташа Радеска-Крстевска

Бр. 05-001840/16-0032
Скопје,

Доставено во оригинал до:
- Претседател на комисијата за јавни набавки
- писарница/архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и замениците членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки

Изработил: Весна Змајшек
Согласен: Јово Џутески